ФОТО — ИНТЕРВЈУ

# СВЕТЦИТЕ НА ТОМЕ НЕМААТ ОРЕОЛИ

*Овоіпат. решивме да Ви претставиме еден од нашите познати сликари, еден од оние што припаіаат на „првата страница“: Тоа е ТОМЕ ВЛАДИМИРСКИ. Секогаш шармантен. Љубезен, витален, духовит.*



**1. — Вашето ателје е во манастирот „Св. Јован Бигорски“. Како влијае на Вас присуството на светците?**

● *Со светците убаво коегзистирам. Тие молчат и не ми пречат во работата. Но, опасни се живите „светци“, кои на секој чекор ти ставаат сопка.*



**2. — Имате ли доволно голем стан за да ги сместите сите награди?**

● *За награди не е потребно да се има голем стан — ако се има „дупнат џеб“.*



**3. — Вашите слики се најчесто со мотиви од Вардар и Радика. Зошто?**

● *Роден сум во Скопје, покрај Вардар, сум израснал тука. Затоа, повеќето слики што ги имам насликано, се со вода. Па и реката Радика ме привлече со својата убавина и ми дава инспирации. Но, не е се во — водата. Бистрите води на Радика се полни со вкусни пастрмки. А кога се печат на жар, покрај самата река, задолжително мора да се полијат со добро винце.*



**4. — Дали сте ангажиран уметник? И ако сте и ако не сте, што е за Вас ангажирана уметност?**

● *Најубаво е да бидеш — уметник.*



**5. — Каков е Вашиот покровител?**

● *Добро расположен, во добро друштво... впрочем, на богот Бахус.*



**6. — Каква е разликата меѓу критиката и критизерството?**

● *Вистинска стручна критика немаме. А критизерство, колку сакаш.*



**7. — Што од тоа Вам ви се допаѓа?**

● *Вистинската критика.*



**8. — Што е Вашa опсесија?**

● *Убави жени... пардон, мислам: како модели...*



**9. — Што спремате сега, за да го воскитите светот?**

● *Подготвувам изложба, на тема: „Низ Радика“, — врз неа работам неколку години.*



**10. — Вие сте најпознат сценограф на нашиот театар. Какви сцени Ви приредуваат Вам?**

● *Во текот на мојата сценографска дејност сум поставил многу сценографии. Но, и многу непријатни сцени ми поставиле мене. Но, што се може. Таков е театарот — и во животот.*



**11. — На што се должи Вашата виталност?**

● *Виталноста е во тоа, што не треба да се биде сентиментален и песимист. Треба да си оптимист, секогаш во движење и — во нешто да веруваш. Само така, па никогаш нема да се покаеш: Ќе биде доцна!*



**12. — Како го започнувате денот?**

● *Со утринска гимнастика, таканаречена „вежба за оживување“. А потоа со едно убаво кафенце и цигарче...*